**American Corner Skopje**
City library “Braka Miladinovci”
Bul. Partizanski Odredi 22, 1000 Skopje
Tel: 02/ 3224 970
E-mail: acskopje@yahoo.com

# Одбележување на издавањето на поштенската марка “Експлорер-1”

## Од Македонска Пошта, Американската Амбасада и Американското Катче

### 15ти февруари, 2008




НА 15ти февруари 2008, во 17:30 часот, Американското Катче Скопје беше домаќин на необичен настан: Одбележување на издавањето на поштенската марка Експлорер-1. Амбасадорот Миловановиќ беше клучниот говорник а гости беа истакнати амбсадори од други амбасади, 20 ученици од основното училиште “Јан Амос Коменски” со нивниот наставник по Географија, претставници од Македонска Пошта и од Здружението на Филателисти. Сите присутни уживаа во говорот на Амбасадорот и смешните забелешки. По официјалниот дел, Амбасадорот ја пресече тортата во форма на самата марка, а првото парче му беше дадено на Генералниот диркетор на Македонска Пошта, г. Садула Изаири.



Учениците добија пакети со публикацијата “Краток преглед на Американската историја”, печатени материјали “Што работи НАСА?” и инспиративни приказни за како да се стане астронаут. Децата беа многу возбудени поради ова, па побараа од Амбасадорот да им се потпише на добиените книги. Тие, како и многумина други, ја искористија шансата да се сликаат со Амбасадорот.



Поштенската марка Експлорер-1 од Македонска пошта се издава за да се одбележи 50-годишнината од лансирањето на првиот вештачки сателит Експлорер-1.

За овој настан, беше подготвена изложба за вселенската историја на САД, историјата на Експлорер-1 и на американски и македонски марки. Изложбата ќе биде отворена во текот на целата недела.